***З А П И С Н И К***
***од трета седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 22.12.2021 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 10 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски.

Од општинската администрација имаше присуни претставници и тоа од Одделението за ЛЕР Раководителот Мише Милошевски, од Одделението за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности Соња Наумовска и Катерина Радовска, од Одделение за човечки ресурси Раководителот Игор Дамјановски, од Одделението за инспекциски надзор-инспекторат Вера Трајковска и од Одделението за општи и правни работи Даниел Станојоски.

Бидејќи Советот нема избрано претседател, согласно член 68 став 5 седницата ја свика и со неа раководеше најстариот член на Советот Љупчо Најдовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

***-Записник од втора седница на Совет***

По записникот забелешка имаше советничката Сандра Пејковска и тоа во воведниот дел забелешката не се однесуваше на тоа најстариот член на Советот да ги води седниците, него актите кои произлегуваат од седницата, а ги потпишувава најстариот член дали е законски, односно забелешката се однесува на законитоста на потписот на актите.

Претседавачот Љупчо Најдовски додаде ако има некоја забелешка во врска со претседавањето со седниците нека се избере претседател. Советничката Сандра Пејковска додаде нема никаква забелешка во таа насока единствено забелешката беше да се корегира во зписникот во делот на дискусијата.

Други забелешки немаше. Со 10 За записникот беше усвоен со забелешката на советничката Сандра Пејковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на Решение за верификација на мандат на член на Совет на општина Демир Хисар.
2.Донесување на Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2022 година.
3. Донесување на Одлука за утврдување на паричен надомест за склучување на брак во Општина Демир Хисар во 2022 година.
4. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2022 година.
5. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2022 година.
6. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2022 година.
7. Донесување на Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2022 година
8. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2022 година.
9. Донесување на Програма за јавно осветлување за 2022 година на подрачјето на општина Демир Хисар.

10. Донесување на Програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2022 година.
11. Донесување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2022 година.
12. Донесување на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2022 година
13. Донесување на Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2022 година.
14. Донесување на Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1853 за КО Слепче.
15. Донесување на Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година.
16. Донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2022 година.
17. Доснесување на Програма за активности за еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2022 година.
18.Донесување на Решение за именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот за 2022 година.
19. Донесување на Решение за именување на членови на Совет кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови.
20. Формирање на Иницијативен одбор за изградба на Храм Св.Кирил и Методиј Демир Хисар.
21. Предлози и прашања

Претседавачот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. Советничката Сандра Пејковска во врска со точка 20.Формирање на Иницијативен одбор за изградба на храм С. Кирил и Методија сите сме согласни дека сакаме храмот да се гради и ќе се трудиме да го реализираме тоа. Сепак предложи точката да се одложи, бидејќи најпрво треба да се одржи состанок со градоначалникот да се види каква е состојбата до каде е стигнато, што овај одбор затекнува, проектот е планиран од предходно, нешто се започнало предходно и пред да се продолжи треба да се знае дали има нешто или се треба од нула да се започне. Затоа смета дека оваа постапка не треба да се започне со формирање на Иницијативен одбор, откако ќе се приберат потребните податоци околку финансиската состојба колку средства е проектот, колку имало, колку може да се обезбеди и колку недостасуваат, до каде е постапката после можи да се формира Иницијативен одбор. Од тие причини предложи да се одложи точката. Претседавачот Љупчо Најдовски истакна предлагач на оваа точка сум јас, додека бев градоначалник во мојот мандат се започна постапката за изградба на храмот имаше активности, се освети темелот се собираа средства од донација, се набави железото, после тоа наредните градоначалници иако ги замолив да не застануваат да продолжат со активностите ништо не направија. Во сите партиски програми стои изградба на храмот, не мислев дека ќе има забелешка за тоа, незнам што ви смета. На наредна седница се носи Буџет и со градоначалникот е разговарано да видиме кој се ресурсите и што можи да се направи. Советничката Сандра Пејковска упати забелешка до претседавачот да не ги вади од контекст зборовите, бидејќи не е против изградба на храмот дури и сака да учествува активно, но забелешката е на постапката која не е како што треба. Најпрво би било добро да се организира состанок да се добијат сите потребни информации за кои предходно зборуваше и потоа да се формира Иницијативниот одбор, исто во решението за формирање на Иницијативниот одбор нема наведено што ќе работи, кој ќе бидат задачите. Исто мора да има документација што имаме од каде ќе продолжиме. Советникот Аце Јанкуловски забележа се одалечивме, имаме предлог дали да стои точката, јас сум да стои точката, а во самата точка ќе расправаме. Бараме извештај-информација да видиме во каква состојба ги затекнуваме овие активности па потоа ќе одлучиме. Советничката Сандра Пејковска го повлече предлогот. Во насока на дискусијата Раководителот Мише Милошевски

објасни за храмот имаше изработено два проекти, во општината го нема вториот проект тој е кај отец Серафим. Општината нема надлежност во овој дел треба да се најди друга форма како ќе се водат овие активности. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде за тоа ќе се разговара со правник како е надобро, а во меѓувреме додека се распрва по другите точки побара да се приберат сите информации со кои располага општината да се даде обраснување каква е состојбата. Бидејќи други предлози немаше, Дневниот рец беше ставен на гласање. За усвојување на Дневниот ред гласаа 10 „за“.

**ТОЧКА 1. Решение за верификација на мандат на член на Совет на општина Демир Хисар**

Бидејќи мандатот на советникот Валентин Несторовски не беше верифициран Претседавачот Љупчо Најдовски предложи верификационата комисија да се повлече и да изготви извештај за верификација на мандатот. Претседателот на Верификационата комисија Сашо Михајловски го поднесе извештајот со предлог за верификација на мандатот на член на Советот Валентин Несторoски. За верификација на мандатот гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше. Советникот Валентин Несторoски ја прочита и потпиша свечената изјава.

**ТОЧКА 2. Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2022 година**

Во врска со одлуката објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Советничката Сандра Пејковска праша дали ова е пракса  и дали се исти износите како досега. Претставникот Мише Милошевски објасни оваа се практикува повеќе години како стимул заради нискиот наталитет, вредностите во почетокот беа пониски, а овие предложени износи се како и предходната година. Претседавачот Најдовски истакна оваа мерка е во ред за стимул за подобрување на наталитетот, но сепак смета дека вакви парични средства треба да се доделуваат само на социјално загрозени семејства, со оглед на финансиската состојба на општината. Раководителот Мише Милошевски додаде ќе има дискриминација, за социјални случаеви имаме друга програма преку која се помага на овие семејства. Советничката Сандра Пејковска  истакна ова е во ред, се исплаќаат согласно правилник тука не можеме да влијаеме. Претседавачот Најдовски објасни Советот го ниси правилникот и Советот може да прави измени во него. За советникот Аце Јанкуловски ваквата одлука е во ред ова се практикува и во други општини, ако се насочи само за социјално загрозени семејства ќе добие друга насока затоа смета дека вака е во ред. И советникот Сашо Михајловски се согласи дека ваквата одлука е во ред со оглед на состојбата со бројот на ученици во училиштата, добро е како стимул не  е некој износ. Со одлуката дека е во ред се согласи и советничката Марина Димитријовска, за да се прави измени на правилникот прво треба да го имаме правилникот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

**ТОЧКА 3. Одлука за утврдување  на паричен надомест за склучување на брак во Општина Демир Хисар во 2022 година**

За Одлуката  за утврдување  на паричен надомест за склучување на брак во Општина Демир Хисар во 2022 година објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Советникот Сашо Михајловски истакна оваа одлука е во ред поврзани се двете одлуки. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

**ТОЧКА 4. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2022 година**

Воведно излагање за Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2022 година имаше раководителот Мише Милошевски. Советничката Сандра Пејковска праша дали има правилник како се доделуваат овие средства, а Претседавачот Љупчо Најдовски предложи советниците да ги имаат правилниците. Според советничката Александра Трајковска комисијата за опшествени дејности треба да води сметка да се почитува правилникот. Раководителот Милошевски објасни барањата кои пристигнуваа до општината дел одеа на комисијата за опшествени дејности дел директно кај градоначалникот. Има случаеви кога некое семејство има потреба од итна финансиска помош тогаш градоначалникот донесуваше одлука. Предходно имаше забелешки зошто во комисијата за опшествени дејности немаше застапеност на

сите политички партии. Советничката Сандра Пејковска се согласи добро е во комисиите да има застапеност од сите политички партии, во правилникот сигурно има критериуми како се доделуваат средствата, потоа праша за дали има реализација на активностите од точка 6. Со 5000 денари не може да се направи нешто, но вкупната сума која се собира на годишно ниво е добар буџет, можи да се размисли во иднина да се определи да му се помогне на некој на кој навистина му треба помош со повеќе средства. Советничката Марина Димитријовска праша дали едно семејство го следува само еднаш во годината, на што раководителот Милошевски одговори ова е еднократна парична помош само еднаш во годината. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2022 година***

За Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2022 година излагање имаше раководителот Мише Милошевски. Во врска со програмата советничката Марина Димитријовска предложи да се дополни програмата со организирање на трет меморијален турнир Виктор Илиовски. Раководителот Милошевски објасни под точка 7 општински напревари помеѓи општините од пелагонискиот плански регион не се одржува можи на местото негово да се стави овај турнир бидејќи активностите треба да бидат во таа финансиска рамка. Советникот Валентин Несторовски предложи да се дополни како деветта точка нека стојат планираните активности ако не се реализираат нема да се потрошат средства. Советничката Ивана Кочовска предложи да се додадат уште 10.000 денари, со предлогот се согласи и советничката Марина Димитријовска да се планираат за овие активности 60.000, вкупно буџетот за оваа програма да изнесува 230.000. Претставникот Мише Милошевски објасни ако се зголемува планираниот буџет мора да се знае каде ќе се скрати, а тоа ќе направи измени во повеќе програми, можи да се планира активности за овај турнир во рамките на планираните средства. Советничката Сандра Пејковска додаде да останат сите планирани активности да се дополни со турнирот за Виктор Илиовски во рамките на планираните средсва. Дискусија повеќе немаше. Едногласно со 11 „за“ се донесе програмата со дополнувањето.

**ТОЧКА 6. Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2022 година**

За Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2022 година излагање имаше раководителот Мише Милошевски. Претседавачот Љупчо Најдовски забележа ова не се големи средства, но добро е советниците да имаат информација за што се даваат вакви средства. Раководителот Мише Милошевски објасни согласно правилникот општината треба да распише јавен повик, ваква постапка еднаш се направи, имаше некој проекти се подржаа неколку здруженија. Советникот Аце Јанкуловски побара да се достави информација како предходно се давале средствата. Советничката Сандра Пејковска додаде добро е да се лоцира некој проблем пример за чистење на депонии со заедничка соработка со некое здружение, а советничката Ивана Кочовска дополни добро е да имаме основ од каде произлегува одлуката да ги имаме павилниците. Советничката Марина Димитријовска праша дали и предходната година имаше планирано исто средства во оваа програма. Раководителот Милошевски објасни предходната година имаше нешто повеќе планирани средства оваа година се намалени. Советничката Сандра Пејковска праша кога ќе се одлучува за распределба на средствата повторно ќе одлучива советот. Советничката Ивана Кочовска праша зошто се намалени средствата во програмата. Раководителот Мише Милошевски објасни во пракса градоначалникот ги доделува средствата, заради транспарентност во правилникот е регулирано со објава на јавен повик, сега само се носат програмите со планиран буџет, доколку сметате дека има потреба може да се интервенира во правилникот. Средствата се намалени речиси во сите програми, бидејќи има некој проекти кои ќе доспеваат за исплата во 2022 година па повеќе средства од буџетот ќе се одат за преземени обвски од предходно. Програмите се отворени ако има повеќе средства можи да се зголеми или да се намали. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Програмата гласаа 10 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2022 година***

За Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Советникот Валентин Несторoски истакна конечно време е да се започне со почитување на пропишаните термини, предходно многу касно се почнуваше со првото прскање треба да има и одговорност. Раководителот Мише Милошевски објасни ларвицидното прскање е планирано март/април досега не е направено вакво прскање тоа се планира кај застоени води, и прскањето зависи од временските услови. Убаво е да се испочитува ова оди преку јавна набавка, предходната година имавме втор оглас првиот беше неуспешен, и роковите се пробиваат. Првата понуда беше многу висока, моравме да намалуваме во површина, па ги скративме некој помали села. Советникот Валентин Несторoски забележа не е во ред така и во малите села живеат луѓе. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2022 година***

За Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2022 година објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. За усвојување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Програма за јавно осветлување за 2022 година на подрачјето на општина Демир Хисар***

За Програма за јавно осветлување за 2022 година на подрачјето на општина Демир Хисар во 2022 година објаснување имаше Раководителот Мише Милошевски. Претседавачот Љупчо Најдовски додаде во оваа програма има добри приходи, со вработување на лице за оддржување на уличното се направи голема заштеда на приходите по овај основ. Раководителот Милошевски додаде дел од приходите одат за исплаќање по спогодба со ЕЛЕМ за отплаќање на долг. Дискусија немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2022 година***

За Програмата за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2022 година објаснување имаше претставникот Вера Трајковска. Претседавачот Љупчо Најдовски праша за делот за собирање на угинати животни дали се однесува за кучиња скитници, а советникот Валентин Несторoски забелешка упати за активностите во градски парк кои се наведени во програмата, окопување ружи, режење на ружи, а сите сме сведоци дека таму нема никакви активности, се би било во ред да се спроведуваат наведените активности. Претставникот Вера Трајковска објасни делот за угинати животни се однесува на животни кои се изгазени и се на јавна површина, а програма за кучиња скитници е друга. Ова е програма за утврдени активности по предходно утврден ценовник, средствата се собираат од граѓаните и се наменети за одржување на јавна чистота во градот. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на програмата гласаа 11 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2022 година***

За Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2022 година објаснување имаше Раководителот Соња Наумовска. Советничката Ивана Кочовска истакна програмата е добро изготвена само да се реализира. Дискусија немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2022 година***

За Програмата за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше раководителката Соња Наумовска. Претседавачот Љупчо Најдовски забележа во оваа програма се планирани проекти кои се почнати само 900.000 се средства кои

можат да се планираат за инвестиции. Советникот Јордан Кромидаровски додаде со оглед во каква состојба се улиците и патиштата во општината за жалење сме. Во Смилево има само една улица асвалтирана има изготвено проекти за две улици затоа предложи да влезат во програмата во делот изградба на две улици во Смилево. Раководителката Соња Наумовска објасни предходната година се изготвија овие проекти има техничка документација можи да стојат во програмата за изградба финансиксargumentsта рамка е таа, но ќе можи да се аплицира. Претседавачот Љупчо Најдовски предлогот од Советникот Јордан Коромидаровски го стави на гласање. За предлогот гласа 11 „за“. Советникот Сашо Михајловски предложи да се планира изработка на техничка документација за атмосферските води по улицата 11 ти Октомври, бидејќи улицата е прометна и при дождови целата атмосферска вода тука поминува. Раководителката Соња Наумовска објасни се планира решавање на овај проблем веќе во програмата е планирано за улицата 1-ви Мај и со тој проект ќе биде опфатена и улицата 11-ти Октомври. Претседавачот Љупчо Најдовски предложи да се планира изработка на техничка документација за мост на река Журешница во с.Журче и асвалтирање на улицата во тој дел. Предлозите за улица 11-ти Октомври и за с.Журче беа ставени на гласање. За предлозите гласаа 11 „за“. Бидејќи други предлози немаше Програмата беше ставена на гласање со дополнувањето. За програмата гласаа 11 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 13. Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2022 година***

За Програмата за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше Раководителот Соња Наумовска. Претседавачот Љупчо Најдовски забележа во програмата за уредување на земјише во приходниот дел под точка 2.Приходи од јавно осветлување има 7.500.000, а во поединечната програма за јавно осветлување приходи има планирани 7.000.000 да се усогласи најверојатно е техничка грешка. Претседавачот Љупчо Најдовски праша каде е аплицирано со проектот за изградба на систем за отпадни води во Журче, исто зашто не се работи на канализацијата во Демир Хисар, а потоа укажа дека има забелешки од населението во Белче при изградбата на канализацијата тоа е пропуст на надзорниот одбор. Раководителот Соња Наумовска објасни за проектот во Журче е аплицирано во Министерство за животна средина, на канализацијата во Демир Хисар не се работи поради временските услови, а за канализацијата во Белче известена е фирмата настанато е слегнивање на земјиштето ќе го санират тоа. Претседавачот Љупчо Најдовски забележа многу средства се планираат за поставување на сообраќајни знаци, потоа побара објаснување за точка 4 одржување на локални патишта дали е за зимското, исто точка 6 дали тука е за патот св. Тома. Раководителот Соња Наумовска објасни општината има изготвено проекти за сообраќајна сигнализација но сообраќајните знаци се многу скапи само за патот за Св.Петар ќе кошта 10.000 евра, овие планирани средства не се доволни. Потоа треба да се обезбедат средства за чистење на каналите кои се во опфат, за патот Св.Тома треба да се плати дел од општината другите се обезбедени од Агенцијата за финансиска подршка. Советничката Марина Димитријовска упати забелешка за улици во Сопотница само е започнато со работа не се завршени. Раководителот Наумовска објасни најверователно поради временските услови и ниските температури не се тура асфалт. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 14. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1853 за КО Слепче***

За Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1853 за КО Слепче објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 15. Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година***

За Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше раководителката Соња Наумовска. Претседавачот Љупчо Најдовски праша зошто во

Проектите за инфраструктура не е запишано Журче предложи да се дополни. Раководителката Соња Наумовска објасни овие се веќе започнати постапки и ќе се дозавршат по стариот закон. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 16. Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2022 година***

За Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Дискусија немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 17. Програма за активности за еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2022 година***

За Програмата за активности за еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше претставникот Даниел Станојоски. Советничката Сандра Пејковска праша за обуките кои се планирани во програмата каде и кога би се изведувале. Би сакале да се вклучи и унија на жени на ВМРО ДПМНЕ. Претставникот Даниел Станојоски објасни да не се политизира, инаку во обуките ќе бидат вклучени експерти од Скопје. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 18. Решение за именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот за 2022 година***

За членови во комисијата за изготвување на програма за работа на советот беа предложени претседател Јордан Кромидаровски, членови Аце Јанкуловски и Александра Трајковска. Забелешки немаше. Со 11 „за" беше донесено решението.

***ТОЧКА 19. Решение за именување на членови на Совет кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови***

Решението за именување на членови на Совет кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови беше едногласно донесено со 11 „за".

***ТОЧКА 20. Иницијативен одбор за изградба на храм Св.Кирил и Методиј Демир Хисар***

Претседавачот Љупчо Најдовски истакна дека тој е предлагач за формирање на иницијативниот одбор, целта е да се продолжи со изградба на храмот. Советничката Сандра Пејковска праша која е постапката од каде да произлезе формирањето на иницијативниот одбор. Претседавачот Љупчо Најдовски објасни во периодот кога тој беше градоначалник се распиша повик се избра изведувач за ископ на темели се осветени темелите и со средствата кои беа на располагање се набави железо арматура. Потоа му даде збор на Соња Наумовска и Игор Дамјановски да објаснат согласно документацијата со која располагаат како стојат работите. Раководителката Соња Наумовска објасни за храмот има изготвено два проекти, првиот со вредност 300.000 евра, но покасно се формира Иницијативен одбор каде беше отец Серафим кој побара да се изработи друг проект кој со врредност од 900.000 и според кој градбата требаше да биди на начин како се граделе храмови во минатото. Поставени се темелите осветени се, по стариот проект е почната постапката. Од тогаш има поминато повеќе години треба повторно интервенција во проектот добро е да се поедностави, бидејќи многу се средства треба да се гледа од практична и реална гледна точка. За да почни да се гради треба да се добие одобрение за градба да се изготви потребната документација. Од средствата кои се собраа се набави железо и арматура и од тогаш ништо не се направи. Раководителот Игор Дамјановски додаде предходните градоначалници не направија никаква активност сем што се даде железото друго ништо што е грешка. Јас се вклучив во тоа со отворање донаторски сметки, сите средства се префрлени на сметка кај отец Серафим. Се изготвија флаери, се направи голем билборд кој за жал беше уништен после тоа се запре. Се радувам што повторно има иницијатива, спорно е дали е во ред вака да се формира иницијативен одбор, општината не можи да гради црква, но можи да помага, добро е што има желба проблемот е во проектот што е многу скап, сепак е добро да се продолжи. Советничката Ивана Кочовска предложи да се најди проектот да се

види колкава површина е објектот. Советничката Сандра Пејковска додаде го поздравувам сето ова треба да се продолжи сите треба да дадеме придонес, но постапката не е соодветна. Овде имаме одлука за формирање Иницијативен одбор нема ништо кои ќе бидат овластувањата која ќе биди неговата надлежност, кој акти треба да се донесат, кој може да биде вклучен во тој одбор. Немаме финансиска конструкција на објектот, колку ќе кошта колку средства има обезбедено, колку реално можиме да обезбедиме колку ќе треба да се обезбедат. Кога ќе гласаме за нешто треба да сме сигурни што гласаме, сега немаме доволно информации, затоа предложи точката да се одложи за некоја од наредните седници кога ќе има подетални информации. Раководителот Игор Дамјановски објасни ако Советот не е спремен не мора да формира Иницијативен одбор, може да се формира работна група која ќе обезбеди доволно информации. Предлагачот на точката Љупчо Најдовски се согласи да се формира работна група во која ќе има претставници од општината градоначалникот Никола Најдовски, Соња Наумовска и Игор Дамјановски и претставници од Советот Љупчо Најдовски, а потоа предложи советниците да дадат предлог кој уште двајца советници ќе учествуваат во работната група. Советникот Сашо Михајловски предложи дел од работната група да биде Ивана Кочовска како правник и како искусен за вакви проекти советникот Јордан Кромидаровски. Советникот Кромидаровски предложи во работната група да биди Сандра Пејковска, а тој ќе се вклучи покасно кога ќе почнат активностите. Од сето изнесено претседавачот Најдовски заклучи работната група да биде во состав градоначалникот Никола Најдовски, раководителите Соња Наумовска и Игор Дамјановски и од советот Љупчо Најдовски, Ивана Кочовска и Сандра Пејковска.

***ТОЧКА 21. Предлози и прашања***

Советникот Аце Јанкуловски предложи да се формираат комисиите потребни се за работата на Советот и исто така да се подобрат условите со греењето во просторијата.

Советничката Јасмина Јовановска предложи седниците да почнуваат покасно барем од 12 саатот. Претседавачот Љупчо Најдовски се согласи Советот треба да избере претседател, да се формираат управни одбори треба да седниме да размислим со свои глави, да не бидиме исти како другите. Најпрво да го формираме иницијативниот одбор, да видиме да се договориме.

Советничката Марина Димитријовска постави прашање до градоначалникот во петокот на 17.12.2021 година делегација од Турција барале средба кај градоначалникот не биле примени. Општина Балчова и општина Демир Хисар се збратимени. Раководителот Игор Дамјановски објасни ние имаме соработка со општина Балчова повеќе години не сме збратимени, а зошто така постапил градоначалникот негова одлука.

Бидејќи со ова беше исцрпен Дневниот ред Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седница на Совет на општина Демир Хисар.

Бр. 17- 193/3 Совет на Општина Демир Хисар
24.02.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.